**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Скопје, 17.10.2005 година

На ден 14.10.2005 се одржа 4.седница на Националниот совет за платни системи на Република Македонија (во продолжение НСП) на која се донесоа следните:

**Заклучоци и препораки од 4.седница на НСП**

1. **Усвојување на записникот од 3.седница на Националниот Совет за платни системи на Република Македонија.**

Советот го усвои Записникот од 3.седница на НСП.

2. **Информации по однос на Заклучоците од 3.седница на НСП.**
   - **Информација за посетата и одржаниот семинар во Народна банка на Република Македонија од страна на експерт од Националната банка на Белгија.**
   - **Информација за одржаниот состанок во Народна банка на Република Македонија во врска со проектот за едношалтерски систем.**

НСП ги усвои Информациите по однос на Заклуцоците од 3.седница на НСП. НСП по однос на оваа точка препорача банките преку нивното Здружение во координација со Народна банка на Република Македонија да иницираат расправа во Стопанската комора на Македонија со цел пошироко да се разгледа можноста за имплементација на процесирањето на меницте со користењето на Белгиското искуство.

3. **Усвојување на предлог на измени и дополнувања во Законот за платен промет и подзаконските акти кои произлегуваат од него, согласно со досега превземените активности и прифатените обврски пред ММФ.**

НСП го усвои Извештајот на Работната Група во делот на предлозите за измени и дополнувања на Законот за платен промет, каде во согласност со член 10 став 2 од Деловникот за работа со консензус на сите учесници се прифатени Усогласените предлози и согласно став 3 од член 10 во Неусогласените предлози останува посебните ставови на секоја страна и заклучи да се проследи интегралниот текст на Извештајот до Министерството за финансии за негово понатамошно постапување согласно динамиката на Акциониот план донесен на 3.седница на НСП.

НСП ја прифати иницијативата од дописот на Министерст за финансии за измени и дополнувања на подзаконската регулатива, имајќи ги во предвид неопходните измени за потребите на пензиската реформа и воведувањето на едношалтерскиот систем, со што Претседателот на НСП ќе го извести Министерот за Финансии за продолжување на работата на работната група, како и за рокот на завршување на нејзината работа.

П.Ф. 401, 1000 Скопје, Република Македонија
Телефони: + 02 310-8108 (Централа); + 02 310-8282
Факс: + 02 310-8357 (Централа); + 02 312-2109
Телекс 51415 NARBAM MB

4. **Разно.**

НСП по однос на отворената дискусија на членовите на Советот за консолидирање на Законската регулатива од областа на платните системи и нејзино усогласување со Европското законодавство, препорача да се согледа можноста од страна на Министерството за Финансии за евентуално носење на нов Закон од оваа област кое би нашло место во Планот на Министерството за финансии за 2006 година.

Емилија Нацевска
Вицегувернер,
Претседател на
Националниот Совет за платни системи